20252494850

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24 и 151/25), член 7, ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.26/25, 88/25, 133/25 и 157/25), во делот I во воведната реченица износот „6.260.921.844,00“ се заменува со износот „6.519.009.954,00“, а по зборовите „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24“ се додаваат зборовите „и 151/25“.

Табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.427.022.849,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 150.000.000,00 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделство (државна помош во земјоделството) | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 1.000.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 12.000.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2024 година и за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година | 1.000.000,00 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | 461.300.000,00 |
| 9. | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ) | 1.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 10.000.000,00 |
| 11. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година | 3.456.684.105,00 |
| | Вкупно | 6.519.009.954,00 |

“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „2.426.203.200,00“ се заменува со износот „2.427.022.849,00“.

III

Во делот VII во ставот 1 зборовите „Дел од средствата“ се заменуваат со зборот „средствата“, а износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „12.000.000,00“.

IV

Во делот IX во ставот 1 износот „573.300.000,00“ се заменува со износот „461.300.000,00“.

V

Во делот XII износот „3.079.415.644,00“ се заменува со износот „3.456.684.105,00“.

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-10633/7
11 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Комисијата
и заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.